# Прирачник за теории на заговор

Стефан Левандовски

Џон Кук

Автори:

Стефан Левандовски, Факултет за психолошки науки, Универзитет во Бристол,
Факултетот за психолошки науки, Универзитет во Западна Австралија, и
ЦСИРО за океани и атмосфера, Хобарт, Тасманија, Австралија

Џон Кук, Центар за бихејвиорални промени во Мелбурн, Универзитетот на Мелбурн, и
Центарот за комуникации за климатски промени, Универзитет Џорџ Мејсон

Првпат објавен во март, 2020 година.
За повеќе информации, посетете ја страницата http://sks.to/conspiracy

Графички дизајн: Венди Кук
Преведено од: Станка Радева-Стамеска

Со особена благодарност на COST Action COMPACT (Comparative Analysis of Conspiracy Theories).

Се цитира како:
Lewandowsky, S., & Cook, J. (2020). The Conspiracy Theory Handbook.
Достапно на http://sks.to/conspiracy

# Разграничување помеѓу вистински заговори и теории на заговор

Вистински заговори постојат. Фолксваген направил заговор да мами на тестовите за емисиите на нивните дизел-мотори. Американската агенција за национална безбедност тајно шпионирала цивилни корисници на интернет. Тутунската индустрија ја измамила јавноста за штетните ефекти на пушењето по здравјето. Знаеме за овие заговори преку внатрешни документи од индустријата, владини истраги или укажувачи.

Спротивно на ова, теориите на заговор имаат тенденција да опстојуваат долго време дури и кога нема одлучувачки докази за нив. Тие теории на заговор се засноваат врз различни шеми на размислување за кои се знае дека се несигурни алатки за следење на реалноста. Вообичаено, теориите на заговор не се поддржани со докази што можат да издржат критичка проверка, но тоа не ги спречува брзо да се шират. На пример, рашироденото верување дека терористичките напади од 11 септември биле „инсајдерска работа“ опстојува многу години по настанот.[1] Неколку децении по тој факт, огромно мнозинство Американци веруваат дека владата ја сокрила вистината за атентатот на ЏФК.[2]

Теориите на заговор му штетат на општеството на повеќе начини. На пример, изложеноста на теории на заговор ги ослабува намерите на луѓето да се вклучат во политика или да го намалат својот јаглероден отпечаток.[3] Со цел да се сведат на минимум овие штетни ефекти, Прирачникот за теории на заговор ви помага да разберете зошто теориите на заговор се толку популарни, објаснува како да ги препознаете особините на конспиративно размислување и нуди ефективни стратегии за разоткривање.

> *Вообичаено, теориите на заговор не се поддржани со докази што издржуваат критичка проверка, но тоа не ги спречува брзо да се шират.*

## Конвенционално наспроти конспиративно размислување

Вистинските заговори постојат, но тие ретко се откриваат преку методите на теоретичарите на заговор. Наместо тоа, вистинските заговори се откриваат преку конвенционално размислување – здрав скептицизам за официјалните наводи, а во исто време внимателно се земаат предвид достапните докази и се посветува внимание на внатрешната конзистентност.[4] Спротивно на тоа, конспиративното размислување се карактеризира со тоа што е хиперскептично кон сите информации што не одговараат на теоријата, со прекумерно толкување на доказите што поддржуваат претпочитана теорија и со недоследност.

| Конвенционално размислување | Конспиративно размислување |
|---|---|
| Здрав скептицизам | Прекумерен сомнеж |
| Одговара на докази | Имуно на докази |
| Се стреми кон кохерентност | Контрадикторно |
| ↓ | ↓ |
| Вистински заговор | Замислен заговор |

# Зошто се популарни теориите на заговор?

Голем број фактори можат да придонесат луѓето да веруваат и да споделуваат теории на заговор.[5]

> *Луѓето коишто се чувствуваат немоќни или ранливи имаат поголема веројатност да поддржат и да шират теории на заговор.*

### Чувство на немоќ

Луѓето коишто се чувствуваат немоќни или ранливи се со поголема веројатност да поддржат и да шират теории на заговор.[6] Ова се гледа на форумите на интернет каде што воочено ниво на закана на луѓето е силно поврзано со предлагањето теории на заговор.[7]

### Објаснување неверојатни настани

Од истата причина, луѓето се склони да предлагаат конспиративни објаснувања за настани што се многу малку веројатни.[10] Теориите на заговор имаат улога на механизам за справување на луѓето со неизвесноста.

### Справување со заканите

Теориите на заговор им овозможуваат на луѓето да се справат со заканувачките настани со фокусирање на вината врз група заговорници.[8] На луѓето им е тешко да прифатат дека „големите“ настани (на пример, смртта на принцезата Дијана) може да имаат обична причина (возење во алкохолизирана состојба). Теоријата на заговор ја задоволува потребата за „голем“ настан да има голема причина, како што е заговор со МИ5 да се изврши атентат врз принцезата Дијана.[9]

### Оспорување на мејнстрим политиката

Теориите на заговор често ги оспоруваат конвенционалните (мејнстрим) политички интерпретации.[11] Конспиративните групи често користат такви наративи за да добијат статус на малцинство.

## Социјалните медиуми ги засилуваат теориите на заговор

Социјалните медиуми создадоа свет во кој секој поединец може потенцијално да допре до исто толку многу луѓе колку и конвенционалните (мејнстрим) медиуми.[12] Недостигот од традиционални контролори е една од причините зошто погрешните информации се шират подалеку и побрзо на интернет отколку вистините информации[13], често поттикнати од лажни профили или од „ботови“[14]. Исто така, утврдено е дека конзументите на теории на заговор се повеќе склони кон „лајкнување“ и споделување на заговорни објави на Фејсбук.[15] Неодамнешната анализа на твитовите за вирусот зика покажала дека бројот на пропагатори на теориите на заговор е повеќе од двојно поголем од оној на побивачите на тие теории.[16]

# Како теориите на заговор прават штета

Самото изложување на теорија на заговор може да има негативни последици, дури и меѓу луѓето коишто не ја поддржуваат.[3, 17, 18, 19, 20, 21] За илустрација, изложеноста на теорија на заговор за политичка манипулација со податоците за невработеноста ја намалила довербата кон владините служби и институции, вклучително и кон оние коишто не се поврзани со конспиративни наводи, како што се локалните училишта или Агенцијата за храна и лекови.[17]

## Тактички теории на заговор

Теориите на заговор не се секогаш резултат на автентични лажни верувања. Тие може да се намерно конструирани или засилени поради стратешки, политички причини. На пример, постојат докази дека руската влада неодамна придонела за ширење различни политички теории на заговор на Западот.[22, 23]

Теориите на заговор може да се употребуваат како реторичка алатка за да се избегнат непогодни заклучоци. Реториката на негирање на климатските промени е исполнета со некохерентност, како што се истовремените тврдења дека температурата не може точно да се измери, но глобалните температури се намалиле.[24] Некохерентноста е еден атрибут на конспиративното размислување, но од тоа не произлегува дека негирањето на климатските промени е ирационално – напротив, негирачката реторика е ефективна политичка стратегија за одложување на климатските активности со поткопување на перцепцијата на луѓето за силата на научните докази.

Како потврда, луѓето селективно се повикуваат на заговор меѓу научниците за да се објасни научниот консензус кога нивната политичка идеологија ги принудува да го сторат тоа – но не кога научниот консензус нема важност за нивната политика.[25]

> *Теориите на заговор може да се користат како реторичка алатка за да се избегнат непогодни заклучоци.*

### Негирање на климатските промени и конспиративно размислување

Отфрлањето на научниот консензус дека луѓето предизвикуваат глобално затоплување често е резултат на конспиративно размислување, а не на внимателно проучување научни докази.[26] Кога на негаторите на климатските промени им се презентираат информации за климатските промени, нивниот најчест одговор е од конспиративен карактер.[27] Сепак, негирањето на климатските промени не е поврзано само со теории на заговор за климатски теми – напротив, луѓето кои ја негираат климатската наука се со поголема веројатност да ги поддржат теориите на заговор и за други теми.[28]




*Smith & Leiserowitz, 2012*

# CONSPIR: Седумте особини на конспиративното размислување

Постојат седум особини на конспиративното размислување[29], сумирани (и полесни за паметење) со акронимот **CONSPIR**:

| C | O | N | S | P | I | R |
|---|---|---|---|---|---|---|
| К | П | З | Н | П | И | П |
| Контрадикторно | Прекумерен сомнеж | Злобна намера | Нешто мора да не е во ред | Прогонувана жртва | Имуни на докази | Повторно толкување на случајноста |

## Контрадикторно

Теоретичарите на заговор можат истовремено да веруваат во идеи што се меѓусебно контрадикторни. На пример, во теоријата дека принцезата Дијана е убиена, но исто така и дека таа ја лажирала сопствената смрт.[30] Тоа е затоа што посветеноста на теоретичарите да не веруваат во „официјалниот“ извештај е толку апсолутна што не е важно дали нивниот систем на верување е некохерентен.

## Прекумерен сомнеж

Конспиративното размислување вклучува нихилистички степен на скептицизам кон официјалните наводи.[31] Овој екстремен степен на сомнеж го спречува верувањето во сè што не се вклопува во теоријата на заговор.

## Злобна намера

За побудите зад секој претпоставен заговор секогаш се претпоставува дека се злобни.[31] Теориите на заговор никогаш не сугерираат дека претпоставените заговорници имаат бенигни побуди.

## Нешто мора да не е во ред

Иако теоретичарите на заговор повремено може да не ги поддржуваат конкретните идеи кога ќе станат неодржливи, тие ревидирања не го менуваат нивниот целокупен заклучок дека „нешто мора да не е во ред“ и дека официјалниот извештај се заснова врз измама.[24, 30]

## Прогонувана жртва

Теоретичарите на заговор се гледаат себеси и се претставуваат како жртва на организирано прогонство.[29] Во исто време, тие се гледаат себеси како храбри антагонисти кои се спротивставуваат на злобните заговорници. Конспиративното размислување вклучува самоперцепција за истовремено да се биде и жртва и херој.

## Имуни на докази

Теориите на заговор се по природа затворени за нови идеи – доказите што се спротивставуваат на теоријата се реинтерпретираат како да потекнуваат од заговорот.[31, 32, 33] Ова го одразува верувањето дека колку што е посилен доказот против некој заговор (на пример, ФБИ ослободува политичар од обвинувањата за злоупотреба на личниот сервер за е-пошта), толку повеќе заговорниците мора да сакаат луѓето да веруваат во нивната верзија на настаните (на пример, ФБИ бил дел од заговорот за заштита на тој политичар).

## Повторно толкување на случајноста

Прекумерниот сомнеж, којшто е дел од конспиративното размислување, често резултира во верувањето дека ништо не се случува случајно.[34] Малите случајни настани, како што се неоштетени прозорци во Пентагон по нападите на 11 септември, се реинтерпретираат како резултат од заговорот (бидејќи ако патнички авион удрил во Пентагон, тогаш сите прозорци би се скршиле[35]) и се вметнуваат во поширока, меѓусебно поврзана шема.

Самозатворливата природа на теориите на заговор значи дека секој доказ што ја побива теоријата може да се толкува како дополнителен доказ за заговорот. Значи, комуникациските напори треба јасно да разликуваат помеѓу различните целни публики. Ако теоретичарите на заговор повторно ги толкуваат доказите за да имаат спротивно значење, тогаш бараат поинаква стратегија од оние кои ги вреднуваат доказите. Следните страници прво ги разгледуваат комуникациските стратегии за пошироката јавност, а потоа конкретно за теоретичарите на заговор.

# Заштита на јавноста од теориите на заговор

## Намалување на ширењето на теориите на заговор

Подобро е да спречи, отколку да се лечи. Затоа, напорите треба да се фокусираат врз заштита на јавноста од изложување на тие теории, преку спречување или забавување на ширењето на теориите на заговор. На пример, споделувањето конспиративни објави за негирање на климатските промени на Фејсбук било намалено со едноставна интервенција која ги охрабрила луѓето да постават четири прашања за материјалот пред да го споделат:[36]

*Дали го препознавам медиумот што ја објавил приказната?*

*Дали информациите во објавата изгледаат дека се веродостојни?*

*Дали е објавата напишана во стил што го очекувам од професионален медиум?*

*Дали е објавата политички мотивирана?*

Кога напорите да се спречи ширењето на заговор не успеваат, комуникаторите мора да прибегнат кон стратегии што го намалуваат влијанието на теориите на заговор.




> *Ако се луѓето свесни за погрешните расудувања што се присутни во теориите на заговор, може да станат помалку подложни на таквите теории.*

## Разобличување

Ако се луѓето превентивно свесни дека може да бидат заведени, можат да развијат отпорност на конспиративни пораки. Овој процес е познат како инокулација или разобличување. Постојат два елементи на инокулација: експлицитно предупредување за претстојната закана дека ќе бидете заведени, како и побивање на аргументите на погрешните информации. Разобличувањето на антивакцерските теории на заговор се покажало дека е поефикасно од побивањето.[37]

Инокулациите засновани врз факти и логика биле успешни во разобличувањето на заговорот за 11 септември.[38] Ова укажува на одредено ветување во логичкото разобличување, со оглед на седумте индикативни особини на конспиративното размислување (се сеќавате на CONSPIR?). Ако се луѓето свесни за погрешните расудувања во теориите на заговор, може да станат помалку подложни на таквите теории.

## Побивање

Постојат различни начини за побивање на теориите на заговор, од кои некои се покажале како ефикасни кај луѓе кои веројатно нема да ги поддржат теориите на заговор, како што се универзитетските студенти или пошироката јавност.

### Побивања засновани врз факти

Побивањата засновани врз факти покажуваат дека теоријата на заговор е лажна преку комуницирање точни информации. Овој пристап се покажал како ефикасен при побивањето на заговорот „раѓање“, според којшто претседателот Обама е роден надвор од САД[21] како и теориите на заговор во врска со палестинскиот егзодус кога бил создаван Израел.[39]

### Побивање засновано врз извори и емпатија

Побивањето засновано врз извори се обидува да го намали кредибилитетот на теоретичарите на заговор, додека побивањата засновани врз емпатија сочувствително го привлекуваат вниманието кон целите на теориите на заговор. Побивањето базирано врз извори со кое се исмевале лицата што верувале во луѓето-гуштери се покажало дека е исто толку ефикасно како и побивањето базирано врз факти. Спротивно на ова, побивањето, засновано врз емпатија, на антисемитските теории на заговор, коишто тврделе дека Евреите денес се соочуваат со слично прогонство како раните христијани, се покажало како неуспешно.[41]

### Побивање засновано врз логика

Побивањата засновани врз логика ги објаснуваат техниките за измама или расудувањето со недостатоци што се користат во теориите на заговор. Се покажало дека објаснувањето на логичките заблуди во антивакциналните/антивакцерските заговори е исто ефективно како и побивањето засновано врз факти: на пример, посочувањето дека многу истражувања за вакцинација биле спроведени од независни, јавно финансирани научници можат да ги отфрлат теориите на заговор за фармацевтската индустрија.[40]

### Линкови до сервисите за проверка на факти

Линковите до веб-страниците за проверка на факти од симулиран извор на податоци на Фејсбук, без разлика дали преку автоматска алгоритамска презентација или преку корекции направени од корисници, ефикасно го побиле заговорот дека вирусот зика се шири од генетски модифицирани комарци.[42]

## Зајакнување на луѓето

Конспиративното размислување е поврзано со чувствата на намалена контрола и согледана закана.[6, 7] Кога луѓето се чувствуваат како да ја изгубиле контролата врз ситуацијата, нивните заговорнички тенденции се зголемуваат.[43] Но исто така важи и спротивното. Кога луѓето се чувствуваат силно, тие се поотпорни на теориите на заговор.

Постојат неколку начини за „когнитивно зајакнување“ на луѓето, како што е охрабрувањето да размислуваат аналитички наместо да се потпираат на интуиција.[44] Ако чувството за контрола на луѓето е поттикнато (на пр., со потсетување на настан од нивниот живот врз којшто тие имале контрола), тогаш е помала веројатноста дека ќе ги поддржат теориите на заговор.[45] Општото чувство на охрабрување на граѓаните може да се всади со тоа што ќе се осигури дека општествените одлуки, на пример од владата, се перципирани како одлуки што ги следат процедуралните начела на правдата.[46] Луѓето прифаќаат неповолни исходи од некоја одлука доколку веруваат дека е почитувана процедуралната правичност.[47, 48]

# Како да разговарате со теоретичар на заговор

Додека разоткривањето на теориите на заговор може да биде ефективно кај пошироката јавност, предизвикот е многу поголем со луѓето кои веруваат во теориите на заговор. Наместо да ги засноваат своите верувања врз надворешни докази, системот на верување на теоретичарите на заговор зборува главно сам за себе, и секое верување служи како доказ за секое друго верување.[49] Како последица на тоа, кога теоретичарите на заговор наидуваат на побивања на Фејсбук, тие прибегнуваат кон коментирање и допаѓање на конспиративна содржина во нивните информациски меури/ехо-комори уште повеќе – побивањето ги засилило конспиративните интеракции.[50]

Теоретичарите на заговор, исто така, имаат несразмерно влијание и покрај нивниот мал број. Анализата на над 2 милиони коментари на страницата subreddit r/conspiracy покажала дека иако само 5% од објавувачите изложиле конспиративно размислување, тие биле биле застапени со 64 % од сите коментари. Најактивниот автор напишал 896.337 зборови, двојно повеќе од трилогијата на Господарот на прстените![51]

Теориите на заговор се неизбежна состојка на политичкиот екстремизам.[52, 53] Затоа, истражувањата за дерадикализација даваат корисни сознанија за тоа како потенцијално да се дојде до теоретичарите на заговор.

### Доверливи гласници

Контрапораките создадени од поранешни членови на екстремистичка заедница („exiters"– оној кој излегол, заб.прев.) се оценуваат попозитивно и подолго се памтат во споредба со пораките од други извори.[54]

### Покажете емпатија

Пристапите треба да се сочувствителни и да настојуваат да изградат разбирање со другата страна. Затоа што, целта е да се развие слободоумноста на теоретичарот на заговор, а комуникаторите мора да бидат пример.[55]

### Потврдете го критичкото размислување

Теоретичарите на заговор се доживуваат себеси како критички мислители кои не се измамени од официјалните извори. Оваа перцепција може да се отелотвори преку потврдување на вредноста на критичкото размислување, но потоа да се пренасочи овој пристап кон покритичка анализа на теоријата на заговор.[56]

### Избегнувајте потсмев

Агресивното деконструирање или исмевање на теоријата на заговор, или фокусирањето на „победа" во аргумент, има ризик да биде автоматски отфрлено.[54] Сепак, имајте предвид дека се покажало оти потсмевот има резултат кај поширока публика.[41]

## Последен збор за претпазливост

Анализирајте што е целта пред да се обидете да побивате. Обидите на Американската влада да ги побие „теориите на заговор" постојано резултираа со контраефект во претежно муслиманските земји. Еден пример е неуспешниот обид да се обвини неприкажувањето на оружје за масовно уништување во Ирак по инвазијата во 2003 година во историјата на прикривање на Ирак. Попродуктивен пристап би бил фокусирањето врз американското преувеличување од лошото разузнавање.[57]

Исто така, важно е да се запамети дека постојат вистински заговори. Но, карактеристиките на конспиративното размислување (CONSPIR) не се продуктивен начин за откривање на вистинските заговори. Наместо тоа, конвенционалното размислување коешто вреднува здрав скептицизам, докази и доследност се неопходни компоненти за откривање на вистинските обиди да се измами јавноста.

# Користена литература


1 Laine, E. E., & Parakkal, R. (2017). National security, personal insecurity, and political conspiracies: The persistence of Americans' beliefs in 9/11 conspiracy theories. IUP Journal of International Relations, 11(3), 16–41.

2 CBS poll (2009). https://www.cbsnews.com/news/cbs-poll-jfk-conspiracy-lives/

3 Jolley, D., & Douglas, K. M. (2013). The social consequences of conspiracism: Exposure to conspiracy theories decreases intentions to engage in politics and to reduce one's carbon footprint. British Journal of Psychology, 105, 35–56. doi:10.1111/bjop.12018

4 Lewandowsky, S., Lloyd, E. A., & Brophy, S. (2018). When THUNCing Trumps thinking: What distant alternative worlds can tell us about the real world. Argumenta, 3, 217–231. doi:10.23811/52.arg2017.lew.llo.bro

5 Douglas, K., Sutton, R., Cichocka, A., Ang, J., Deravi, F., Uscinski, J., & Nefes, T. (2019). Why do people adopt conspiracy theories, how are they communicated, and what are their risks? Centre for Research; Evidence on Security Threats. Retrieved from https://crestresearch.ac.uk/resources/conspiracy-theories-douglas-full-report/

6 Uscinski, J. E., & Parent, J. M. (2014). American conspiracy theories. Oxford, UK: Oxford University Press.

7 Nefes, T. S. (2014). Rationale of conspiracy theorizing: Who shot the president Chen Shui-bian? Rationality and Society, 26, 373–394. doi:10.1177/1043463113519069

8 Franks, B., Bangerter, A., & Bauer, M. W. (2013). Conspiracy theories as quasi-religious mentality: An integrated account from cognitive science, social representations theory, and frame theory. Frontiers in Psychology, 4. doi:10.3389/fpsyg.2013.00424

9 Leman, P. J., & Cinnirella, M. (2007). A major event has a major cause: Evidence for the role of heuristics in reasoning about conspiracy theories. Social Psychological Review, 9, 18–28.

10 Kovic, M., & Füchslin, T. (2018). Probability and conspiratorial thinking. Applied Cognitive Psychology, 32, 390–400. doi:10.1002/acp.3408

11 Sapountzis, A., & Condor, S. (2013). Conspiracy accounts as intergroup theories: Challenging dominant understandings of social power and political legitimacy. Political Psychology, 34, 731–752. doi:10.1111/pops.12015

12 Allcott, H., & Gentzkow, M. (2017). Social media and fake news in the 2016 election. Journal of Economic Perspectives, 31, 211–36. doi:10.1257/jep.31.2.211

13 Vosoughi, S., Roy, D., & Aral, S. (2018). The spread of true and false news online. Science, 359, 1146–1151. doi:10.1126/science.aap9559

14 Shao, C., Ciampaglia, G. L., Varol, O., Yang, K.-C., Flammini, A., & Menczer, F. (2018). The spread of low-credibility content by social bots. Nature Communications, 9, 4787. doi:10.1038/s41467-018-06930-7

15 Bessi, A., Coletto, M., Devidescu, G. A., Scala, A., Caldarelli, G., & Quattrociocchi, W. (2015). Science vs conspiracy: Collective narratives in the age of misinformation. PLOS ONE, 10, e0118093. doi:10.1371/journal.pone.0118093

16 Wood, M. J. (2018). Propagating and debunking conspiracy theories on Twitter during the 2015–2016 Zika virus outbreak. Cyberpsychology, Behavior, and Social Networking, 21, 485–490. doi:10.1089/cyber.2017.0669

17 Einstein, K. L., & Glick, D. M. (2015). Do I think BLS data are BS? The consequences of conspiracy theories. Political Behavior, 37, 679–701. doi:10.1007/s11109-014-9287-z

18 Jolley, D., Meleady, R., & Douglas, K. M. (2019). Exposure to intergroup conspiracy theories promotes prejudice which spreads across groups. British Journal of Psychology. doi:10.1111/bjop.12385

19 Raab, M. H., Auer, N., Ortlieb, S. A., & Carbon, C.-C. (2013). The Sarrazin effect: The presence of absurd statements in conspiracy theories makes canonical information less plausible. Frontiers in Psychology, 4, 453. doi:10.3389/fpsyg.2013.00453

20 van der Linden, S. (2015). The conspiracy-effect: Exposure to conspiracy theories (about global warming) decreases pro-social behavior and science acceptance. Personality and Individual Differences, 87, 171–173. doi:10.1016/j.paid.2015.07.045

21 Warner, B. R., & Neville-Shepard, R. (2014). Echoes of a conspiracy: Birthers, truthers, and the cultivation of extremism. Communication Quarterly, 62, 1–17. doi:10.1080/01463373.2013.822407

22 Avramov, K. (2018). By another way of deception: The use of conspiracy theories as a foreign policy tool in the arsenal of the hybrid warfare. Information & Security: An International Journal, 39, 151–161. doi:10.11610/isij.3913

23 Yablokov, I. (2015). Conspiracy theories as a Russian public diplomacy tool: The case of Russia Today (RT). Politics, 35, 301–315. doi:10.1111/1467-9256.12097

24 Lewandowsky, S., Cook, J., & Lloyd, E. (2016). The "Alice in Wonderland" mechanics of the rejection of (climate) science: Simulating coherence by conspiracism. Synthese, 195, 175–196. doi:10.1007/s11229-016-1198-6

25 Lewandowsky, S. (2020). Hannah Arendt and the contemporary social construction of conspiracy theorists. Manuscript Submitted for Publication.

26 Uscinski, J. E., Douglas, K. & Lewandowsky, S. (2017). Climate Change Conspiracy Theories. Oxford Encyclopedia of Climate Change. doi:10.1093/acrefore/9780190228620.013.328

27 Smith, N., & Leiserowitz, A. (2012). The rise of global warming skepticism: Exploring affective image associations in the United States over time. Risk Analysis: An International Journal, 32(6), 1021-1032.

28 Lewandowsky, S., Gignac, G. E., & Oberauer, K. (2013). The role of conspiracist ideation and worldviews in predicting rejection of science. PLOS ONE, 8, e75637. doi:10.1371/journal.pone.0075637

29 Lewandowsky, S., Cook, J., Oberauer, K., Brophy, S., Lloyd, E. A., & Marriott, M. (2015). Recurrent fury: Conspiratorial discourse in the blogosphere triggered by research on the role of conspiracist ideation in climate denial. Journal of Social and Political Psychology, 3, 142-178. doi:10.1093/eurpub/ckn139

30 Wood, M. J., Douglas, K. M., & Sutton, R. M. (2012). Dead and alive: Beliefs in contradictory conspiracy theories. Social Psychological and Personality Science, 3, 767–773. doi:10.1177/1948550611434786

31 Keeley, B. L. (1999). Of conspiracy theories. The Journal of Philosophy, 96, 109–126. doi:10.2307/2564659

32 Bale, J. M. (2007). Political paranoia v. political realism: On distinguishing between bogus conspiracy theories and genuine conspiratorial politics. Patterns of Prejudice, 41, 45–60. doi:10.1080/00313220601118751

33 Sunstein, C. R., & Vermeule, A. (2009). Conspiracy theories: Causes and cures. Journal of Political Philosophy, 17, 202–227. doi:10.1111/j.1467-9760.2008.00325.x

34 Barkun, M. (2003). A culture of conspiracy: Apocalyptic visions in contemporary America. Berkeley, CA: University of California Press.

35 Swami, V., Chamorro-Premuzic, T., & Furnham, A. (2010). Unanswered questions: A preliminary investigation of personality and individual difference predictors of 9/11 conspiracist beliefs. Applied Cognitive Psychology, 24(6), 749-761.

36 Lutzke, L., Drummond, C., Slovic, P., & Árvai, J. (2019). Priming critical thinking: Simple interventions limit the influence of fake news about climate change on Facebook. Global Environmental Change, 58, 101964. doi:10.1016/j.gloenvcha.2019.101964

37 Jolley, D., & Douglas, K. M. (2017). Prevention is better than cure: Addressing anti-vaccine conspiracy theories. Journal of Applied Social Psychology, 47, 459–469. doi:10.1111/jasp.12453

38 Banas, J. A., & Miller, G. (2013). Inducing resistance to conspiracy theory propaganda: Testing inoculation and metainoculation strategies. Human Communication Research, 39, 184–207. doi:10.1111/hcre.12000

39 Nyhan, B., & Zeitzoff, T. (2017). Fighting the past: Perceptions of control, historical misperceptions, and corrective information in the Israeli-Palestinian conflict. Political Psychology, 39, 611-630. doi:10.1111/pops.12449

40 Schmid, P., & Betsch, C. (2019). Effective strategies for rebutting science denialism in public discussions. Nature Human Behavior 3, 931-939. doi:10.1038/s41562-019-0632-4

41 Orosz, G., Krekó, P., Paskuj, B., Tóth-Király, I., Böthe, B., & Roland-Lèvy, C. (2016). Changing conspiracy beliefs through rationality and ridiculing. Frontiers in Psychology, 7, 1525. doi:10.3389/fpsyg.2016.01525

42 Bode, L., & Vraga, E. K. (2018). See something, say something: Correction of global health misinformation on social media. Health Communication, 33, 1131–1140. doi:10.1080/10410236.2017.1331312

43 Whitson, J. A., & Galinsky, A. D. (2008). Lacking control increases illusory pattern perception. Science, 322, 115–117. doi:10.1126/science.1159845

44 Swami, V., Voracek, M., Stieger, S., Tran, U. S., & Furnham, A. (2014). Analytic thinking reduces belief in conspiracy theories. Cognition, 133, 572–585. doi:10.1016/j.cognition.2014.08.006

45 van Prooijen, J., & Acker, M. (2015). The influence of control on belief in conspiracy theories: Conceptual and applied extensions. Applied Cognitive Psychology, 29, 753–761. doi:10.1002/acp.3161

46 van Prooijen, J.-W. (2018). Empowerment as a tool to reduce belief in conspiracy theories. In Conspiracy theories and the people who believe them (pp. 432–442). Oxford University Press. doi:10.1093/oso/9780190844073.003.0030

47 Quintanilla, V. D., & Yontz, M. A. (2018). Human-Centered Civil Justice Design: Procedural Justice and Process Value Pluralism. Tulsa L. Rev., 54, 113.

48 Tyler, T. R. (1987). Conditions leading to value-expressive effects in judgments of procedural justice: A test of four models. Journal of Personality and Social Psychology, 52, 333–344. doi:10.1037/0022-3514.52.2.333

49 Goertzel, T. (1994). Belief in conspiracy theories. Political Psychology, 15, 731–742. doi:10.2307/3791630

50 Zollo, F., Bessi, A., Del Vicario, M., Scala, A., Caldarelli, G., Shekhtman, K., Havlin, S., Quattrociocchi, W.. (2017). Debunking in a world of tribes. PLOS ONE, 12, e0181821. doi:10.1371/journal.pone.0181821

51 Klein, C., Clutton, P., & Polito, V. (2018). Topic modeling reveals distinct interests within an online conspiracy forum. Frontiers in Psychology, 9. doi:10.3389/fpsyg.2018.00189

52 Kundnani, A. (2012). Blind spot-security narratives and far-right violence. Security and Human Rights, 23, 129–146.

53 van Prooijen, J.-W., Krouwel, A. P. M., & Pollet, T. V. (2015). Political extremism predicts belief in conspiracy theories. Social Psychological and Personality Science, 6, 570-578. doi:10.1177/1948550614567356

54 Schmitt, J. B., Rieger, D., Ernst, J., & Roth, H.-J. (2018). Critical media literacy and islamist online propaganda: The feasibility, applicability and impact of three learning arrangements. International Journal of Conflict and Violence, 12, 1–19. doi:10.4119/UNIBI/ijcv.642

55 Ponsot, A. S., Autixier, C., & Madriaza, P. (2018). Factors facilitating the successful implementation of a prevention of violent radicalization intervention as identified by front-line practitioners. Journal for Deradicalization, (16), 1–33.

56 Voogt, S. (2017). Countering far-right recruitment online: CAPE's practitioner experience. Journal of Policing, Intelligence and Counter Terrorism, 12, 34–46. doi:10.1080/18335330.2016.1215510

57 Aistrope, T. (2016). Conspiracy theory and American foreign policy. Manchester University Press. doi:10.7228/manchester/9780719099199.001.0001

*“Теориите на заговор се обидуваат да ги објаснат настаните како тајни заговори на моќни луѓе. Иако теориите на заговор обично не се поткрепени со докази, ова не ги спречува да се шират. Теориите на заговор му штетат на општеството на повеќе начини. За да се сведат на минимум овие штетни ефекти, Прирачникот за теории на заговор објаснува зошто теориите на заговор се толку популарни, како да се препознаат особините на конспиративното размислување и кои се ефективни стратегии за одговор.*